**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-905/8
Датум: 20.5.2026 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 43 став 1 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020), и член 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, а на предлог на Советот на студиската програма од трет циклус на студии *Електротехника и информациски технологии*, Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 20.5.2026 година, донесе

# ОДЛУКА

### за измена на Одлуката за утврдување на дополнителен критериум за одбрана на докторски труд на студиската програма ЕИТ бр. 02-118/8 од 25.1.2023 година

1. Во Одлуката за утврдување на дополнителен критериум за одбрана на докторски труд на студиската програма Електротехника и информациски технологии (ЕИТ), точка 2 се менува и гласи:

„За дополнителен критериум за одбрана се определува:

- да има објавено или прифатено најмалку еден труд во врска со предметот на истражувањето во списание со фактор на влијание во базата Web of Science како прв автор во период на студирање на третиот циклус - докторски студии,

- под поимот фактор на влијание (Impact Factor - IF) се подразбира метрика која определува квалитет и влијание на научно списание според цитираноста, утврдена во JCR (Journal Citation Report) за списанија во рамките на Web of Science Core Collection а кои се индексирани во базите на Science Citation Index Expanded (SCIE) и Emerging Sources Citation Index (ESCI)."

2. Останатите одредби од Одлуката остануваат непроменети.

3. Одлуката да се достави до: ННС, Советот, веб страницата, Одделението за студентски прашања и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски